| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Плодови на есента |
| **Содржина на денот** | Уметнички дела со зеленчук |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Валентина Драгшиќ |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор зошто мораме постојано да носиме заштитни маски,како најдобро би го заштитиле нашето здравје. Во градинка со другарчињата не треба да се гушкаме. Разговор за плодовите кои што сакаме да ги јадеме,мораме многу убаво да ги миеме. |
| **Активности** | Разговарајте со Вашето дете кој зеленчук зајко сака најмногу да го јаде. Доколку имате можност прошетајте со детето до блискиот пазар и набљудувајте морковчиња. Ако имате дома дајте му едно измиено морковче, нека го разгледува и именува.<br>Со морковчето играјте во домашни услови една интересна ликовна игра-печатење. Морковот пресечете го на половина. На виледа-сунѓереста крпа ставете портокалова боја, така што детето нека го топи морковчето во бојата и на темна хартија или на лист од блок, нека печати,нека ја развива својата фантазија. Изработката на детето пофалете ја и закачете ја во некое катче во Вашиот дом.<br>Активноста можете да ја завршите поттикнувајќи го детето да грицка морковчиња и да скока како зајаче. |